**Што е Emergency Services Telecommunications Authority (ESTA) (Телекомуникациска управа на служби за итни случаи – ESTA)?**

ESTA е службата на triple zero ('три нули') во Викторија која ја обезбедува најважната врска меѓу Викторијанската заедница и државните агенции за услуги во итни случаи. Таа нуди 24 часовни услуги за примање на телефонски повици и испраќање на помош од полицијата, противпожарните служби, брза помош и VICSES.

**Кога треба да се јавите на 'три нули'**

Итен случај е сериозна, неочекувана и често опасна ситуација на која треба веднаш да се одговори. Тука се вклучува опасност по живот, здравје и/или имот. Некои примери на итни случаи се:

- Воздушни, железнички и поморски несреќи
- Алергични реакции кои предизвикуваат отежнато дишење
- Крварење (сериозно)
- Отежнато дишење (на пример, сериозен напад на астма)
- Епизода на низок шеќер во крвта (онесвестување/дезориентираност/невообичаено однесување)
- Земање преголема доза на дрога
- Давење
- Струен удар/изгореници/несреќа на работа
- Инциденти предизвикани од експлозија или бомба
- Срцев удар (претпоставка)
- Сообраќајни несреќи (кои предизвикуваат сериозни повреди или главни проблеми во сообраќајот)
- Стомачна болка (сериозна)
- Мозочен удар (претпоставка)
- Заглавено/затрупано (заглавени/затрупани) лице (лица)
- Траума (повреда)
- Онесвестено лице
- Насилство (напад/тепачка/инцидент на домашно насилство)
- Пожар со кој се загрозени животи или имот
- Инциденти со опасни материјали

**Кога треба да се јавите на 'три нули'**

Кога најпрво ќе се јавите на 'три нули', од Telstra ќе ве прашаат каква услуга барате: полиција, противпожарна служба или брза помош.

Ако се јавувате од Викторија, ќе бидете поврзани со еден од центрите на ESTA за комунакции во итни случаи.

Телефонистот од ESTA прво ќе ве праша:

*Каде ви е потребна полиција, брза помош или противпожарна служба?*

И после тоа:

*За каков итен случај се работи?*

Штом телефонистот од ESTA ќе дознае **КАДЕ** ви треба помош и за **КАКОВ** итен случај се работи, диспечерот од ESTA ќе ги добие поединостите преку компјутерски помогнат диспечерски (CAD) систем. Овие податоци потоа се користат за да се испрати полиција, противпожарна служба или брза помош на соодветната локација.

#Iam000

Телефонистот ќе продолжи да ви поставува прашања.  Тоа нема да предизвика доцнење во добивањето на помош во итниот случај. Ова помага да се утврди дали е потребна дополнителна опрема за итни случаи (на пример, спасувачка служба за заглавено/затрупано лице) или дали на пациентот треба да му се даде прва помош додека се чека да пристигнат службите за итни случаи.

**ОСТАНЕТЕ НА ЛИНИЈА: Не го прекинувајте повикот се додека телефонистот не ви каже да го направите тоа.**